РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
Број 14.4 - 126/1
20.01.2022 година
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ

## за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2021 година

Согласно утврдените надлежности во член 58 од Законот за внатрешни работи (Сл. весник на РСМ бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016 и 21/2018), Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е внатрешен контролен механизам во Министерството за внатрешни работи. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапува при утврдување на појави на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници во вршење на полициските работи, на овластените службени лица во вршењето на посебните должности и овластување и во постапувањето на останатите работници во Министерството за внатрешни работи. Одделот континуирано работи на документирање на пречекорувањето на законските овластувања на овластените службени лица, расчистување на неправилностите во работењето на вработените во МВР, постапувајќи како по податоци, информации и сознанија кои самостојно ги прибира, така и по добиени известувања, анонимни достави, претставки од граѓани и вработени во МВР, невладини организации и правни лица, барања од јавните обвинителства и други субјекти.

И во текот на 2021 година, во услови на пандемија од коронавирусот „ковид – 19“, со зголемен обем на работа, Одделот продолжи да биде максимално транспарентен и отворен за граѓаните.

Во 2021 година целосно дојде до израз комплетираната законската рамка на воспоставената надворешна контрола врз работата на полицијата со проширување на надлежностите на надворешниот механизам за контрола на работата на лицата со полициски овластувања и функционирањето на Специјализираното одделение за



ИС

истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Извршените измени и дополнувања на Законот за Народен правобранител, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за јавно-обвинителска служба, Закон за извршување на санкции, Закон за јавно обвинителство и Законот за судови, веќе претставуваат алатка за сеопфатна, ефикасна и ефективна надворешна контрола врз полицијата. Општ е впечатокот дека овој концепт влијае врз свеста и работата на полициските службеници во насока на нивно професионално постапување.

Соработката на Одделот со Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања, во ОЈО ГОКК е исклучително добра, а комуникацијата тековна и без проблеми.

Во соработка со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, ОВККИПС во минатата година се приклучи кон организациските единици во МВР кои го применуваат стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со опсег на сертификација внатрешна контрола, криминалистички истраги, професионално работење, превенција и интегритет, работа по претставки, истраги и професионални стандарди, односно се стекна со сертификат за успешно имплементиран систем за менаџмент со квалитет. По успешно завршување на две надзорни проверки од страна на акредитираното сертификационо тело, Одделот и во текот на оваа година продолжува да ги исполнува барањата на стандардот, согласно воспоставените процедури. Па така, во овој период воспоставени се цели за квалитет во 2021 година, утврдена е методологија за управување со ризици и извршено е приспитување на СМК од страна на раководството. Интерната проверка беше спроведена преку пополнување на соодветен прашалник во мај 2021 година, додека надзорната проверка беше спроведена во јуни 2021 година. Примениот Извештај изготвен од страна на серификационото тело покажува дека Одделот успешно го заврши аудитот на лице место - ресертификација.

ОВККИПС постапи по прелиминарниот извештај од Комитетот против тортура и нечовечки или понижувачки третман или казнување на Советот на Европа. Имено, по дадените забелешки во првичната опсервација, Одделот до сите организациски единици во МВР достави телеграма за доследна примена на сите законски, подзаконски и интерни прописи кои ја регулираат употребата на физичка сила и постапувањето на полициските службеници во случаите на приведување, задржување и лишување од слобода. Одделот ќе ги интензивира превентивните активности со посебен акцент на примената на полициските овластувања и ќе се спроведе контрола на квалитетот на извршување во делокругот на надлежностите на организациските единици, со задолжителен увид во евиденциите на полициските станици за приведените, задржаните и лицата лишени од слобода.

*Статистички показатели за работата на Одделот*

Во текот на 2021 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, презеде мерки за испитување на **1239** (1.409)[1] случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува намалување за 12 % во однос на минатата година.

Во 2021 година во Одделот се примени **562** (608) **писмени претставки од граѓани**, што е намалување на примените писмени претставки за 7,5% споредено со истиот период минатата година. Во однос на примените **записници за усно поднесени претставки** - **262** (232), забележано е зголемување за 13%. За 62% е намален бројот на примени **анонимни поднесоци** - **97** (259). Бројот на пријавите за непрофесионално и незаконско постапување на припадници на МВР по пријава на телефонскиот број 199 е намален, од четири минатата година, на **една** во оваа.

Писмени реакции во вид на претставки, жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини организации, вкупно - **15** (19) од кои **12** преку **Хелсиншкиот комитет за човекови права и по една претставка преку СОС Меѓаши, Транспаренси-Интернешнел и Европскиот центар за правата на ромите.**

Оваа година се бележи зголемување за 43% кај бројот на добиени претставки од **Народниот правобранител** - **43** (30). Намалување за 5% е забележано кај поднесоците добиени од **адвокати како полномошници на граѓаните** - **68** (72,) како и намалување за 4% кај добиените **претставки од правни лица** - **47** (49).

Во одредени предмети, за покарактеристични случаи, истовремено или последователно се добивани поднесоци од повеќе субјекти (граѓани, невладини организации, или народен правобранител).

Покрај добиените претставки, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и **214** (220) **службени материјали (службени белешки, информации, телеграми) од организациските единици во МВР** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од вработени во МВР.

Од **1239** (1.409) случаи за кои се вршени проверки, **929** (960) **или 75 % се предмети во кои е постапувано врз основа на добиени претставки од граѓани, здруженија на граѓани или правни лица** во кои се посочуваат неправилности извршени од страна на вработени во МВР. Останатите **310** (449) случаи или **25%** се проверки вршени по основ на добиени известувања, сопствени сознанија и слично. По земањето во работа на претставките и извршената анализа, може де се констатира дека во **522** (554) случаи наводите изнесени во нив се **неосновани, во 106** (112) случаи **се основани,** за **235** (204) предмети **нема доволно докази** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, **58** (67) се **делумно**

[1] *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*

**основани**, а **осум претставки** (23) **се решени на друг начин** (по три веќе е постапувано и за пет нема основ за постапување).

Претставките најчесто се однесуваат на непостапување или несоодветно постапување по пријавен настан, потоа следуваат постапувања спротивно на Упатството на користење на социјалните мрежи во Министерството и претставки поради незадоволство од констатирани сообраќајни прекршоци.

Во 929-те предмети по кои е постапено, во сите случаи каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и подзаконските акти, од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди се иницирани задолжителни мерки до овластените предлагачи за поднесување на предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

За утврдените неправилности, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, против **307** (388) вработени изрече задолжителна мерка за поведување на **постапка за утврдување на дисциплинска одговорност пред надлежна Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност.** За **232** (185) **лица** е изречена мерка **укажување, а на 15** (21) **вработени** за причинета штета на Министерството им е изречена мерка покренување на постапка за **надомест на штета-материјална одговорност. За 39** (24) **вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од работно место до завршување на дисциплинската постапката, 34** (52) **се упатени на психолошко-психијатирски преглед и од 33** (48) **вработени е одземено службеното оружје.**

Во 2021 година, претставници од Одделот, учествуваа во работата на дисциплинските комисии во постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на вработени во МВР на 340 расправи.

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на овластените службени лица кои имаат обележја на кривично дело од страна на ОВККИПС се поднесени **17** (19) **кривични пријави** против **43** (29) **вработени** во МВР за сторени **21** (21) кривично дело, од кои *10 кривични дела* ***„злоупотреба на службената положба и овластување“***, *четири кривични дела* ***„несовесно работење во службата“***, *три кривични дела* ***„малтретирање во вршење на службата“*** *и по едно кривично дело* ***„примање поткуп“, „фалсификување службена исправа“, „предизвикување на општа опасност“*** *и* ***„послужување во службата“.***

Покрај ова, во текот на годината, изготвени се и доставени **231** (189) **Известувања** до Основните јавни обвинителства во РСМакедонија, од кои **81** (101) **се за известување** на надлежниот јавен обвинител за негово запознавање и постапување, а **150** (88) **Известувања се доставени по барање на ОЈО.**

***Од нив, 193*** *(147)* ***известувања се до ОЈОГОКК, од кои 188*** *(127)* ***до Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција.***

Изминатата 2021 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше по **63** (65) **поднесоци**, во кои е наведено дека од полициски службеници врз граѓани **е употребена физичка сила.** По преземените мерки и испитување на случаите, утврдено е дека ***19*** (27) ***поднесоци се неосновани,*** односно

употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена, во **40** (30) ***случаи*** поради немање на докази ***не може да се утврдат наводите во претставката*** за употребена физичка сила, додека **четири** (шест) **претставки се *основани*** за што се поднесени три кривични пријави за сторени три кривични дела „малтретирање во вршење на служба" и доставено е едно Известување до ОЈО за ГОКК.

Одделот, во сите случаи за кои е известен дека вработени во Министерството постапувале незаконски или непрофесионално кон граѓаните, без исклучок постапува и професионално ги врши проверките во претставките, без селективен пристап, со еднаков третман кон граѓаните, а по извршените проверки навремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките.

Во 2021 година Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на **50** (52) случени сообраќајни незгоди, во кои учествувале вработени во МВР и управувале возила сопственост на Министерството. За случаите каде е констатирано дека при управување на службените возила вработените во Министерството не ги почитувале законските прописи, при што е настаната материјална штета на возилата сопственост на МВР, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до непосредните раководители изрече задолжителни мерки да бидат поведени **11** (14) постапки за утврдување на **материјална одговорност**.

## *Спроведени контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди во организациски единици на МВР*

Во текот на 2021 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди продолжи со вршење на **контроли во организациски единици на МВР:**

- **По Наредба бр. 08-318/1 од 05.01.2021 година** на Министерот за внатрешни работи, Одделот изврши контроли во 61 организациска единица во состав на Министерството. Во рамки на спроведените контроли констатирани се одредени неправилности во работењето и тоа кај четворица полициски службеници при извршено алкотестирање регистрирано е присуство на алкохол во организамот, двајца полициски службеници не се затекнати на работното место, а еден полициски службеник одбил да биде алкотестиран и го напуштил работното место пред завршување на работното време. За потешко кршење на работниот ред и дисциплина Одделот против седуммина полициски службеници до овластениот предлагач достави иницијативи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.
- По истата наредба извршени се контроли во Одделенијата за управни работи за подрачјето на Скопје во 15, Куманово 5, Тетово 7 и Штип - 4 простории за технички преглед, со цел документирање на евентуално незаконско и непрофесионално однесување и постапување на референтите за моторни возила, по што се констатирани неправилности во работењето на ОУР Скопје. За ненавремено внесување во ХОСТ системот и за затекнати 1322 досиеја за продолжување на регистрација на возила, Одделот поднесе иницијатива за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против еден работник.

- **По Наредба бр. 08-314/1 од 05.01.2021 година** на Министерот за внатрешни работи, а во содејство Државниот инспекторат за патишта при Министерството за транспорт и врски и полициски службеници од Мобилната единица за безбедност на патниот сообраќај,, на дел од наплатните станици (патарини), во Република Северна Македонија („Глумово“, „Петровец“ и „Миладиновци“), изврши контрола на возачи кои злоупотребуваат службени легитимации и звучни сигнали (флешери), со цел одбегнување на плаќање на надоместок за патарина.

Од извршената контрола констатирано е дека 44 возачи постапиле спротивно на Законот за јавни патишта, од кои десет вработени во МВР, за што од страна на државниот инспектор за патишта изготвени се записници за извршен инспекциски надзор и издадени се мандатни платни налози за глоба. Против шестмина вработени во Министерството, кои ги злоупотребиле службените легитимации Одделот поднесе иницијативи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, додека за еден полицискиот службеник од Истражен центар во ОЈО ГОКК е доставено известување за запознавање и понатамошно постапување.

- **По Наредба бр. 08-322/1 од 05.01.2021 година** на Министерот за внатрешни работи извршени се контроли во 26 ПС за ГП и ГН во РЦ за ГР – МВР на РСМ. Во рамки на спроведените контроли, констатирани се неправилности во работењето и поднесени се 19 иницијативи за поведување на дисциплинска постапка. Од нив 14 иницијативи се за користење на приватен мобилен телефон спротивно на телеграмата бр. 22.1-19/1 од 06.08.2019 година од Директорот на БЈБ, две за напуштање на работното место без известување на повисокиот раководен полициски службеник, една иницијатива за неекономично и неефикасно користење на средствата на станицата, односно користење службено возило во услови на постоење на организиран превоз, една против полициски службеник кој ги извршувал работните задачи без личното вооружување и една за работник кај кого е утврдено присуство на алкохол во организмот при извршено алкотестирање.

Кај еден полициски службеник пронајдени се и одземени парични средства, за што од страна на Одделот е изготвено Известување до ОЈО за ГОКК Скопје и истиот е отстранет од работното место и од Минстерството до донесување решение во дисциплинската постапка.

По повод државниот празник 2-ри Август, ОВККИПС изврши контроли на полициските службеници ангажирани на обезбедување на прославите на Мечкин Камен во Крушево, во Скопје и Пелинце. Не се констатирани пропусти во извршувањето на работните задачи од страна на полициските службеници.

ОВККИПС постапи по План бр.14-1979/1 од 07.09.20121 година во врска со ангажман на припадници на МВР по повод одржувањето на дефилето за Денот на независноста 8-ми Септември, меѓународниот фудбалски натпревар помеѓу РС Македонија и Романија, протестот на Независниот синдикат на полицијата, како и протестот за случајот „Монструм“. Иако беа ангажирани голем број на вработени за обезбедување на наведените настани, не се констатирани пропусти во извршувањето на работните задачи од страна на полициските службеници, ниту пак се примени пријави за незаконско и непрофесионално постапување од нивна страна.

Во периодот од 17.09.2021 до 21.09.2021 година преземени се превентивни мерки и активности од надлежност на Одделот, а во врска со одржувањето на NATO – EADRCC вежба под име „Северна Македонија 2020/21“ во Охрид. Активностите на полициските службеници

ангажирани за настанот се одвиваа без проблеми и до ОВККИПС не се доставени известувања или претставки за непрофесионално или незаконско постапување на ангажираните работници од Министерството.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, по добиена усна наредба од Министерот за внатрешни работи, на ден 12.11.2021 година изврши контрола во четири организациски единици во Министерството, во делот на почитување на работното време. Констатирано е дека се почитува работното време а дел од вработените кои биле отсутни од работа за време на контролата, отсуствувале оправдано (годишен одмор, боледување, породилно отсуство, дезинфекција на простории).

### *Активности на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во врска со одржаните локални избори 2021 година*

На денот на одржувањето на Локалните избори 17.10.2021 година, ОВККИПС постапи во согласност со Планот за распоредување и постапување на работниците од Одделот.

Преземени се мерки и активности во седум случаи на пријавено незаконито, непрофесионално или некоректно постапување на полициски службеници. По извршените проверки утврдено е дека три претставки се основани, три се неосновани и за една претставка нема докази.

За вториот круг на локалните избори на ден 31.10.2021 година, ОВККИПС постапи во шест случаи на пријавено незаконито, непрофесионално или некоректно постапување на полициски службеници. По извршените проверки утврдено е дека четири претставки се неосновани, а за две претставки нема докази.

### *Проектни активности, меѓународна соработка, работилници, обуки и други форми на стручно оспособување за вработените во Одделот*

На ден 14.01.2021 година Помошникот на министерот во ОВККИПС учествуваше во работата на четвртиот состанок на Управниот одбор на проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем и на надворешниот механизам за контрола на полицијата во Северна Македонија", што се одржа преку видео конференција.

Во периодот од 23.06.2021 до 30.06.2021 година Помошникот на министерот во ОВККИПС учествуваше во работата на Регионалниот патоказ за борба против корупцијата и нелегалните финансии кој се одржа во Охрид во организација на Канцеларијата на ООН за дрога и криминал и Регионалната анти-корупциска иницијатива. Разгледани и дискутирани беа три приоритетни области:

- спречување и борба против корупцијата во јавните набавки;
- понатамошно зајакнување на системот против судир на интереси и регистрација на имот и вистинска сопственост; и
- зајакнување на одговорот на кривичното право на корупцијата и економскиот криминал преку создавање на регионална мрежа на специјални обвинители на Западен Балкан.

Помошникот на министерот во ОВККИПС, во периодот од 02-03.11.2021 година во Виена, присуствуваше на годишниот состанок на Регионалната Анти-корупциска платформа за внатрешен надзор, оддели за контрола на границата и агенции за спроведување на законот од Западен Балкан, Украина и Молдавија организиран од страна на ОБСЕ, со цел обезбедување на форум за размена на трендови, подобрувања, предизвици и резултати во превенцијата и борбата против корупцијата, како и промовирање на интегритетот во граничната безбедност и управување.

Во текот на 2021 година одржани се осум онлајн работилници на тема „Значење и примена на Законот за заштита на укажувачите " и десет онлајн работилници на тема „Етички кодекс за однесување на работниците во МВР" произлезени од „Програма за јакнење на етичкиот капацитет кај вработените во Министерството" изготвена од страна на Одделот, со вработени од повеќе организациски единици во состав на Министерството.

За вработените во Одделот со статус на полициски службеници беше спроведена е-обука на тема „Безбедно чување и постапување со вооружувањето во МВР".

Со Меморандум за соработка склучен помеѓу Министерството за внатрешни работи, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници, предвидено е тим од адвокати ангажирани од страна на Македонското здружение на млади правници да врши правно советување на лицата лишени од слобода во полициските станици, како и спроведување на мониторинг на условите во просториите за задржување на лица, просториите за распит и разговор со лица лишени од слобода, просториите за разговор со малолетни лица, како и тоалетите во просториите за задржување. Во оваа насока на ден 18.02.2021 година беше остварена првата посета на полициската станица од општа надлежност Центар, а се реализирани вкупно девет посети на полициските станици.

На ден 24.03.2021 година во просториите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, се одржа работен состанок со претставници на Мисијата на ОБСЕ во РСМ и вработени во Одделот во врска со новиот Етички кодекс за однесување на работните во Министерството.

На ден 26.03.2021 година се одржа работилница на тема „Претставување на клучните наоди од родовата анализа на законодавството и политиките релевантни за контролата на малото оружје во Северна Македонија" во организација на SEESAC – Организација на земјите од Југоисточна Европа за контрола на мало и лесно оружје во Македонија на која учестуваа двајца вработени од Одделот.

Работилница на тема „Судир на интереси, политичка неутралност и интегритет" се одржа на ден 04.03.2021 година со командирите на полициските станици од општа надлежност од СВР Куманово, Тетово, Велес, Штип, Струмица, Охрид и Битола на која освен вработени од Одделот учествуваа и претставници од Државната комисија за спречување на корупцијата.

На ден 05.03.2021 година вработени во Одделот во соработка со Одделението за превенција на СВР Скопје одржаа работилница на тема „Надворешен механизам за контрола на работата на полицијата“ и „Законот за заштита на укажувачите“ во која учествуваа помошниците командири на полициските станици од општа надлежност од СВР Скопје.

На ден 20.04.2021 година, во организација на Амбасадата на САД во РСМ се одржа панел дискусија на платформата зум, по повод објавување на Годишниот извештај за човекови права на Стејт Депратментот за 2020 година, на која учествуваа двајца вработени од Одделот.

На ден 05.05.2021 година, во организација на Женевскиот центар за демократска контрола на безбедносните сили (DCAF), преку платформата зум, се одржа Регионална конференција за механизми за внатрешна контрола, со цел земјите корисннички на Регионалната програма за полициска соработка и градење на интегритетот во Западен Балкан да се запознаат со регионалните пристапи кон безбедносните проверки и тестирање на интегритетот. Во работата на конференцијата учествуваа тројца вработени во Одделот.

На покана на Министерството за одбрана, претставници од ОВККИПС учествуваа во on-line работилница на тема „Јакнење на интегритетот во безбедносниот сектор“ во организација на Центарот за безбедносна соработка (RACVIAC), а во соработка до Регионалната антикорупциска иницијатива (RAI), која се одржа на 5-ти и 6-ти мај 2021 година.

Со цел преглед на нацрт статутот на Мрежата за внатрешни криминалистички истраги (ICIN), презентација на првиот Извршен комитет како и на останатите актуелни теми, на ден 06.05.2021 година, по иницијатива на шведската полиција, се одржа on-line состанок на кој присуствуваа двајца вработени од Одделот.

Во организација на Советот на Европа на 25.05.2021 година се одржа on-line обука за надворешниот механизам за контрола на полицијата во која учествуваа шестмина вработени од Одделот.

На ден 28.05.2021 година во организација на ОБСЕ се одржа on-line работилница во врска со законските одредби за заштита на укажувачите за членовите на Регионалната антикорупциска платформа од одделите за внатрешна контрола, гранична полиција и институции за спроведување на законот од земјите на Западен Балкан, Украина и Молдавија.

Транспаренси интернешенел Македонија со подршка на УСАИД, на ден 28.06.2021 година одржа завршен форум со цел презентација на резултатите и заклучоците произлезени од спроведениот проект „Јакнење на капацитетите на институциите во борбата против корупцијата“ на кој присуствуваше претставник од Одделот.

На ден 30.06.2021 година се одржа стратешки форум „Условите во полициските станици и заштита на лицата лишени од слобода од тортура и нехуман третман“ на кој учествуваа претставници од Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници, канцеларијата на Народниот првобранител, претставници од ОВККИПС и од Секторите за внатрешни работи.

На ден 01.07.2021 година, преку платформата ZOOM, се одржа првиот работен состанок помеѓу претставници од ОВККИПС и Центарот за интегритет во одбранбениот сектор од Норвешка, со цел презентација на проект кој ќе се реализира во наредните пет години во областите градење на интегритетот на вработените во МВР, спроведување на јавни набавки и

управување со човечки ресурси. Во овој контекст, на ден 28.07.2021 година одржан е состанок во Министерството за внатрешни работи со претставници од Центарот за интегритет при Министерството за одбрана на Норвешка, на кој учестувуаа вработени од Одделот. На 25 и 26.11.2021 година во Центарот за обука се одржа обука под наслов „Управување со човечки ресурси: функции, алатки и трендови“, како дел од проектот „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан“. Слушатели на обуката беа вработени од Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси, Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси и од одделенијата за заеднички работи во РЦ за ГР Север, СВР Тетово, СВР Велес и СВР Куманово.

Онлајн обуки организирани од IACA (Меѓународна Антикорупциска Академија) се одржаа на 05.09.2021 и 09.09.2021 година, на тема „Антикорупциска правна рамка и нејзина усогласеност“ и „Улогата на технологијата и анти-корупциските мерки за време на КОВИД – 19“, на кои учествуваа тројца инспектори од ОВККИПС.

Во периодот од 18-22.10.2021 година се спроведе обука на тема „Внатрешни истраги и техники“ организирана од страна на ОБСЕ на која учествуваа 11 (единаесет) вработени од Одделот, преку презентирање на повеќе аспекти од темата, како и практични примери за вршење на проверка на интегритет и употреба на ПИМ мерки.

На ден 01.12.2021 година се одржа дискусија на „Фокус група за претставници од институции во областа на интегрираното гранично управување“, организирана и спроведена од ОБСЕ, на која активно учествуваа петмина претставници од Одделот.

На 01-02.12.2021 година во Вилнус, Литванија се одржа годишна конференција и генерално собрание на ЕРАК/EACN (Европски партнери за борба против корупцијата) по повод 20 години постоење на организацијата. На конференцијата на која се дискутираа теми поврзани со владеење на правото, антикорупцијата, независноста на автономните агенции и пристапот до информации, присуствуваше претставник од Одделот.

Во периодот од 01 – 06.12.2021 година остварена е студиска посета на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во организација на мисијата на ОБСЕ во Скопје. Од страна на претставници од англиската полиција беа презентирани начини и методи за вршење на безбедносни проверки на вработените во министерството и полицијата, како и запознавање со начините на вршење на проверка на интегритетот на вработените во англиската полиција.

Шестмина работници од ОВККИПС беа слушатели на обуката „Системи за менаџмент со квалитет – барања ИСО 9001:2015“организирана од Единицата за управување со квалитет на 13 и 14 декември во Центарот за обука и притоа имаа можност да се запознаат со барањата на стандардот и неговата примена во Министерството.

Претставник од Одделот учествуваше на одржаната тркалезна маса на тема „Стандардите за превентивни анти-корупциски тела, политики и практики, според Конвенцијата на Обединетите нации против Корупцијата, на 20.12.2021 година во организација на Државната комисија за спречување на корупцијата.

*Јакнење на институционалната и меѓуинституционална соработката на Одделот со институции задолжени за борба против незаконско и непрофесионално постапување*

И во 2021 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди продолжи со активности за јакнење на соработката со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во МВР, Јавните обвинителства и судовите, со цел поефикасна борба против незаконското и непрофесионално постапување на вработените во Министерството, а посебно со Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во ОЈО ГОКК.

Имајќи ги во предвид новите законски решенија, детално обработени во воведниот дел, оваа соработка веќе станува поинтензивна и се подига на ново квалитативно ниво.

Имено, самата имплементација на овие законски решенија диктира динамично темпо на меѓуинституционална соработа, што мора да резултира со интеракциски пристап на сите државни органи на кои се однесува оваа законска регулатива.

Одделот и во оваа година тековно соработуваше со Управата за финансиска полиција во Министерството за финансии, доставувајќи редовно квартални известувања, согласно обврските од Законот за јавна внатрешна контрола и Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите, во однос на управувањето и користењето на јавните средства.

*Јакнење на соработката со Народниот правобранител, граѓаните и невладиниот сектор*

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи, а посебно на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е остварување на континуирана соработката со Народниот правобранител и невладините организации, имајќи ја предвид нивната основна функција, која се состои во давање правна помош и заштита на основните права и слободи на граѓаните во случаи кога истите им се загрозени, со посебен акцент на маргиналните групи.

Погоре споменатите законски измени нужно водат кон интезивирање на соработката на ОВККИПС со Народниот правобранител, како и со граѓаните и невладиниот сектор.

Одделот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и невладините организации за своите активности. По сите барање од Народниот правобранител и невладините организации Одделот навремено доставува одговори. Во текот на оваа година примени се 43 барања од Народниот правобранител, од кои 42 се одговорени, а еден предмет е во тек.

По барање од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Одделот доставува периодични табеларни прегледи на Министерството за внатрешна работи за постапување по обраќањата и препораките на народниот правобранител, групирани по области.

***Имплементација на Антикорупциската програма и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи***

На почетокот од годината Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи изготви *Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2021 година, како* и *Акциски план за имплементација* во кој се дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех. Основа на Програмата се препораките кои произлегуваат од извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ – петти круг на тема „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритетот кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот".

ОВККИПС е координатор на активностите од Акциониот план за имплементација на обврските за Министерството за внатрешни работи, кои произлегуваат од извештајот, а отпочнаа по потпишувањето на Акциониот план. Во оваа насока, одржани се работни средби со раководителите на организациските единици задолжени за постапување по Акциониот план, а Одделот веќе ги привршиактивностите на коишто е носител. Имено, во делот објавување на што поголем број на податоци, поврзани со конкретни аспекти од работата на МВР, Одделот на веб страната на МВР, редовно ги објавува периодичните и годишните

извештаи, Антикорупциската програма, Етичкиот кодекс за однесување на вработените во МВР и други активности на Одделот.

Извршена е интервенција во актот за систематизација на работните места во ОВККИПС, во Секторот за професионално работење – интегритет и превенција, Одделение за интегритет, превенција од корупција и заштита на човековите права, во насока на утврдување на работни места за управување со ризици од корупција и доверливост.

Вработени од Одделот се членови во работните групи формирани за измени и дополнувања на Законот за внатрешни работи и Законот за полиција, кои се во собраниска процедура.

Одделот континуирано посветува посебно внимание на професионализацијата, департизацијата и деполитизацијата на вработените во Министерството, јакнење на интегритетот на вработените, доследно почитување на етичкиот кодекс на однесување, репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата, а пред се интензивно работење на превенцијата од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција.

ПРИЛОГ : Табеларен преглед

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
м-р Дејан Андонов

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

**на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди**

**I.Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди по вид и години:**

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисц. постапка | Укажување | Постапка за надомест на материјална штета | Оддалечување од раб.место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 г. | 1524 | 26 | 205 | 200 | 39 | 2 |
| 2016г. | 1391 | 10 | 244 | 149 | 21 | 5 |
| 2017г. | 1200 | 17 | 355 | 153 | 18 | 48 |
| 2018г. | 1382 | 19 | 338 | 174 | 25 | 22 |
| 2019г. | 1371 | 10 | 334 | 163 | 27 | 20 |
| 2020г. | 1409 | 29 | 388 | 185 | 21 | 24 |
| 2021г. | 1239 | 43 | 307 | 232 | 15 | 39 |

**II.** Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила

| | вкупно поднесоци | основани | неосновани | нема докази | делумно основани |
|---|---|---|---|---|---|
| 2015 г. | 62 | 3 | 35 | 24 | / |
| 2016г. | 60 | 3 | 31 | 26 | / |
| 2017г. | 38 | 1 | 14 | 23 | / |
| 2018г. | 64 | 5 | 15 | 44 | / |
| 2019г. | 67 | 3 | 26 | 38 | / |
| 2020г. | 65 | 6 | 27 | 30 | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2021г. | 63 | 4 | 19 | 40 | / |

**III.** Поднесоци од Народниот правобранител

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2015 г. | 27 | 27 |
| 2016г. | 24 | 24 |
| 2017г. | 25 | 25 |
| 2018г. | 32 | 31 |
| 2019г. | 49 | 48 |
| 2020г. | 30 | 30 |
| 2021г. | 43 | 42 |

**IV.** Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации

| | примени | одговорени |
|---|---|---|
| Хелсиншки комитет | 12 | 11 |
| СОС Меѓаши | 1 | 1 |
| Транспаренси Интернешнел | 1 | 1 |
| Европски центар за права на ромите | 1 | / |
| Вкупно | 15 | 13 |